ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
GJYKATA THEMLORE KRUSHEVË 3146

| Примено Pranuar | 19.08.21 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia organiz. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| СПИ- | 1/21 | | |


ДО: Основниот суд Крушево

- Служба за јавни информации од јаавен карактер

БАРАЊЕ ДА БИДАМ ИНФОРМИРАН зошто не се постаппува по поднесената граѓанска ТУЖБА ,ПРОТИВ Извршителот Јане митрески од Прилеп,поднесена на 10.05.2021.

**Од Ќани Рустеми с. Норово, Крушево**

**На ден 10.05.2021, видно од штембилот за прием е поднесена граѓанска тужба Против Извршителот Јане Митрески од Прилеп. Но до ден денес не е постапено по оваа тужба, а имајќи во предвид наведените рокови за постапување дадени во чл 271 од ЗПП,што преставуваат обврска за судот да постапува по тие рокови.**

**За исходот од барањето барам писмено да идам информиран.**

**Благодарм на сорсботката .**

**Поднеител на барањето,**

________________________

ОСНОВЕН СУД
СПИ-1/21
01.09.2021 год.
Крушево

До
Ќ.Р.
с. Н.

ЗАПИСНИК
од 01.09.2021 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 19.08.2021 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд -Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:

Во Основен суд Крушево е поднесена тужба за утврдување на штета од Ваша страна против Извршител Ј.М. од П., на ден 10.05.2021 год. видно од штембилот на истата. Меѓутоа, по тужбата не е преземено ниедно дејствие, затоа што од Вас беше побарано да доставите накнадно докази како поткрепа на тужбеното барање. Доказите ги доставивте со поднесок на 01.06.2021 год. а делегираниот судија Х.Т. во тој период имаше здравствени а и фамилијарни проблеми, од друга страна му се ближеше времето на негово враќање во Основен суд Б.

Моментално од Судскиот совет на РСМ не е делегиран нов судија , па не може додека истиот не се назначи, да се изврши распределба на предметите преку АКМИС системот, така да доттогаш тужбата е во фаза на мирување.

Со доаѓањето на нов судија, тужбата ќе биде распределена и по неа ќе се постапува.

Со почит,

01.09.2021 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска

---------------------------------------